СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1621/2021
Дата 09. 11. 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Прилеп се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2268, КП 2269, КП 2273, КП 2274, КП 2277, КП 2285, КП 2286, КП 2290, КП 2295, КП 2299, КП 2300, КП 2305, КП 2306/2, КП 2307, КП 2313, КП 2315, КП 2316/1, КП 2465, КП 2467, КП 2471, КП 2635, КП 2992 и КП 3028, КО Тополчани, Општина Прилеп.**

Вкупната должината на предметната траса изнесува 1,71 км, должината на трасата на кабелскиот вод за кој се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 1,073 км.

За останатиот дел од предметната траса, предходно се издадени Услови за планирање на просторот за Урбанисточки план за село Тополчани, КО Тополчани, Општина Прилеп,, со тех. бр. Y 16219 со Решение бр. УП1 – 15 1497/2019 од 31.10.2019 год.

Трасата на новопредвидениот кабелски вод се сече со траса за која се издадени Услови за планирање на просторот за Проект за инфраструктура за реконструкција на ДВ 110 kV "ТС Битола 1 – ТС Прилеп 1", со тех. бр. Y06613

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладност со Просторниот план на Република Македонија.**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y18021** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2268, КП 2269, КП 2273, КП 2274, КП 2277, КП 2285, КП 2286, КП 2290, КП 2295, КП 2299, КП 2300, КП 2305, КП 2306/2, КП 2307, КП 2313, КП 2315, КП 2316/1, КП 2465, КП 2467, КП 2471, КП 2635, КП 2992 и КП 3028, КО Тополчани, Општина Прилеп, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2268, КП 2269, КП 2273, КП 2274, КП 2277, КП 2285, КП 2286, КП 2290, КП 2295, КП 2299, КП 2300, КП 2305, КП 2306/2, КП 2307, КП 2313, КП 2315, КП 2316/1, КП 2465, КП 2467, КП 2471, КП 2635, КП 2992 и КП 3028, КО Тополчани, Општина Прилеп, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

09. 11. 2021

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2268, КП 2269, КП 2273, КП 2274, КП 2277, КП 2285, КП 2286, КП 2290, КП 2295, КП 2299, КП 2300, КП 2305, КП 2306/2, КП 2307, КП 2313, КП 2315, КП 2316/1, КП 2465, КП 2467, КП 2471, КП 2635, КП 2992 и КП 3028, КО Тополчани, Општина Прилеп, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Прилеп, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 35677 од 18.05.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2268, КП 2269, КП 2273, КП 2274, КП 2277, КП 2285, КП 2286, КП 2290, КП 2295, КП 2299, КП 2300, КП 2305, КП 2306/2, КП 2307, КП 2313, КП 2315, КП 2316/1, КП 2465, КП 2467, КП 2471, КП 2635, КП 2992 и КП 3028, КО Тополчани, Општина Прилеп. Должината на трасата изнесува 1,71 км. Предвидено е да се изгради нова среднонапонска кабелска мрежа. За дел од локацијата каде што се наоѓа опфатот на предметната траса веќе се издадени Услови за планирање на просторот за Урбанисточки план за село Тополчани, КО Тополчани, Општина Прилеп,, со тех. бр. У 16219 со Решение бр. УП1 – 15 1497/2019 од 31.10.2019 год. Со оваа проектна програма се бара издавање на Услови за планирање на просторот за останатиот дел од предметниот опфат.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2268, КП 2269, КП 2273, КП 2274, КП 2277, КП 2285, КП 2286, КП 2290, КП 2295, КП 2299, КП 2300, КП 2305, КП 2306/2, КП 2307, КП 2313, КП 2315, КП 2316/1, КП 2465, КП 2467, КП 2471, КП 2635, КП 2992 и КП 3028, КО Тополчани, Општина Прилеп и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1621/2021 од 29.10.2021 година.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Условите за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2268, КП 2269, КП 2273, КП 2274, КП 2277, КП 2285, КП 2286, КП 2290, КП 2295, КП 2299, КП 2300, КП 2305, КП 2306/2, КП 2307, КП 2313, КП 2315, КП 2316/1, КП 2465, КП 2467, КП 2471, КП 2635, КП 2992 и КП 3028, КО Тополчани, Општина Прилеп, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение **на Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10(20) KV кабелски вод кој минува низ КП 2268, КП 2269, КП 2273, КП 2274, КП 2277, КП 2285, КП 2286, КП 2290, КП 2295, КП 2299, КП 2300, КП 2305, КП 2306/2, КП 2307, КП 2313, КП 2315, КП 2316/1, КП 2465, КП 2467, КП 2471, КП 2635, КП 2992 и КП 3028, КО Тополчани, Општина Прилеп** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk